# ПРАВИЛА ЗА КАМПАЊА “ОЛИМПИСКИ ПОТРОШУВАЧ HAPPY”

Организатор на кампањата “ОЛИМПИСКИ ПОТРОШУВАЧ HAPPY” е Друштво за управување со недвижен имот Еаст Гате Малл ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на ул. Беласица бр. 2, 1000 Скопје, Гази Баба, со ЕДБ МК 4043019526203 и ЕМБС 7339046, сопственик на Трговскиот центар Еаст Гате Малл (во понатамошниот текст: Организатор).

Партнери на Организаторот во кампањата “ОЛИМПИСКИ ПОТРОШУВАЧ HAPPY” се НЛБ Банка АД Скопје и НЕП Лојалити ДООЕЛ Скопје.

## Општи услови

Со овие услови се утврдуваат правилата за кампањата “ОЛИМПИСКИ ПОТРОШУВАЧ HAPPY” и овие Правила се објавени на веб страницата за Олимписките игри на Организаторот.

Учесници во оваа кампања може да бидат сите корисници на активна НЛБ haPPy кредитна картичка, која е потребно да се користи во Трговскиот центар Еаст Гате Малл.

За секој учесник во кампањата се зема во предвид вкупната сума на потрошени средства со НЛБ haPPy кредитна картичка во Трговскиот центар Еаст Гате Малл, без ограничување на бројот на трансакции, во периодот од 26 јули до 11 август 2024 година.

Потрошувачите кои во периодот од 26 јули до 11 август 2024 година имаат најголем вкупен износ плаќања со НЛБ haPPy кредитна картичка во Трговскиот центар Еаст Гате Малл, ќе бидат рангирани, односно потрошувачот со најголем износ на плаќања ќе добие поврат на средства (кешбек) во износ од 9.000,00 (девет илјади) денари, второпласираниот ќе добие износ од 6.000,00 (шест илјади) денари и третопласираниот ќе добие износ од 3.000,00 (три илјади) денари, без разлика на бројот на направените трансакции.

Потрошувачите кои ќе бидат рангирани за поврат на средства иницијално ќе бидат контактирани од страна на партнерот на Организаторот: НЛБ Банка АД Скопје, со цел добивање согласност за споделување на нивните контакт податоци (името, презимето и телефонскиот број) со Организаторот. По добиена согласност за споделување на контакт податоците, потрошувачките кои ќе бидат рангирани за поврат на средства ќе бидат контактирани од Организаторот за понатамошни инструкции за добивање на повратот на средства.Организаторот ќе ги повика тројцата потрошувачи кои се рангирани за поврат на средства да ја дадат својата согласност за уплата на средствата и обработка на нивните податоци во просториите на Еаст Гате Малл ДООЕЛ (инфо пулт) Важност на Правилата

Овие официјални правила важат од денот на нивното донесување и истите ќе важат се до завршувањето на кампањата “ОЛИМПИСКИ ПОТРОШУВАЧ HAPPY”. Со учество во кампањата “ОЛИМПИСКИ ПОТРОШУВАЧ HAPPY” секој учесник ги прифаќа сите права и обврски во овие правила.
Организаторот на кампањата “ОЛИМПИСКИ ПОТРОШУВАЧ HAPPY” го задржува правото без претходна најава, во било кое време да ги измени и/или укине овие Правила. Корисникот е должен редовно да ги проверува Правилата. Секоја измена ќе стапи во сила веднаш штом се објави на веб страната за Олимписки игри на Организаторот. Со пристапувањето на веб страната за Олимписки игри на Организаторот и учеството во кампањата “ОЛИМПИСКИ ПОТРОШУВАЧ HAPPY”, подразбира дека корисникот ги прифаќа новонастанатите услови за нејзино користење.

Кампањата “ОЛИМПИСКИ ПОТРОШУВАЧ HAPPY” може да се откаже во било која фаза, во случај на виша сила, во ситуација кога не постои можност Организаторот да има независност во спроведувањето на кампањата.

Во случај на откажување на кампањата, Организаторот навремено ќе ги информира учесниците за откажувањето на кампањата, за причините поради кои се откажува, како и за датумот на откажување со објавување на веб страната за Олимписки игри на Организаторот.

Времетраење

Кампањата “ОЛИМПИСКИ ПОТРОШУВАЧ HAPPY” започнува на 26 јули 2024 година и ќе трае до 11 август 2024 година.

## Објавување на резултатите

Потрошувачите кои ќе бидат рангирани за поврат на средства на износ од 9.000,00 денари, 6.000,00 денари и 3.000,00 денари ќе бидат објавени на веб страницата за Олимписките игри на Организаторот, а по добиена согласност од добитникот согласно правилата на Организаторот.

## Право на учество

Право на учество во кампањата  “ОЛИМПИСКИ ПОТРОШУВАЧ HAPPY” имаат корисници на активна НЛБ haPPy кредитна картичка, во Трговскиот центар Еаст Гате Малл, без ограничување на бројот на трансакции.

Организаторот на кампањата “ОЛИМПИСКИ ПОТРОШУВАЧ HAPPY” ги задржува сите права за дисквалификација од кампањата на сите оние учесници што не ги исполнуваат дефинираните услови и правилата на учество, согласно наведеното во делот Дискфалификација од овие Правила.

Лична одговорност на корисникот на активна НЛБ haPPy кредитна картичка е заштитата на доверливоста на податоците. Организаторот на кампањата не сноси никаква одговорност за било какво губење на податоците.

## Одговори на прашања

Сите прашања поврзани со кампањата “ОЛИМПИСКИ ПОТРОШУВАЧ HAPPY” учесниците може да ги поставуваат преку социјалните медиуми на Организаторот.

## Дискфалификација

Организаторот на кампањата “ОЛИМПИСКИ ПОТРОШУВАЧ HAPPY” го задржува правото да го дисквалификува секој учесник, за кој се сомнева дека не учествувал во кампањата согласно претходно утврдените правила и/или истите ги прекршил во текот на учеството. Одлуките на Орагнизаторот на кампањата во однос на можни дисквалификации се конечни.

Учесниците во кампањата кои ќе приложат неточни податоци и/или извршат злоупотреба, го губат правото на учество во кампањата “ОЛИМПИСКИ

ПОТРОШУВАЧ HAPPY”. Во случај на давање на неточни податоци, учесниците сами ја сносат одговорноста за истиот чин, односно Организаторот на кампањата нема да сноси никакви одговорности.

Учесниците во кампањата “ОЛИМПИСКИ ПОТРОШУВАЧ HAPPY” не смеат да објавуваат материјали кои ги загрозуваат или ги кршат правилата на останатите учесници, кои се незаконски, вулгарни или пак на било кој начин навредливи во комуникацијата, кои поттикнуваат на противправни и нелегални активности. Во случај на вакви активности, нивните вршители ќе бидат веднаш дисквалификувани, со забрана за повторно учество во кампањата.

Заштита на податоците

Личните податоци на Потрошувачите кои ќе бидат рангирани за поврат на средства (име и презиме, , и контакт телефонски број ќе бидат користени единствено за контактирање во врска со нивно известување и доколку се согласат и за објава на резултатите од кампањата “ОЛИМПИСКИ ПОТРОШУВАЧ HAPPY”, за проверка на регуларноста на нивното учество и спроведување на подароците за лојалност по претходно известување од страна на НЛБ Банка АД Скопје. Истите нема да бидат отуѓени или употребени во други цели, без претходна согласност од потрошувачот.

Организаторот на кампањата “ОЛИМПИСКИ ПОТРОШУВАЧ HAPPY” се обврзува дека личните податоци ќе ги обработува и чува во период од 3 месеци по завршувањето на кампањата. После тоа истите ќе ги уништи согласно интерните процедури за уништување на документи.

Евентуални спорови

Секое несогласување помеѓу Организаторот и учесниците во кампањата “ОЛИМПИСКИ ПОТРОШУВАЧ HAPPY” ќе се решава спогодбено, а во случај на спор за истиот ќе решава надлежниот суд во Скопје и во согласност со важечките закони во Република Северна Македонија.

**Организатор на кампањата “ОЛИМПИСКИ ПОТРОШУВАЧ HAPPY”: ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје**